МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11- 4568/2
Датум: 06.06.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на фекална канализација за објект на ул.“Багдатска“ бр.35 , Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 31.05.2022 година изврши увид на лице место на ул.“ Багдатска“ бр.35 по барање на ДГТУ ЛИНЕА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.“Франклин Рузвелт” бр.44 локал 3 , Скопје за изведба на приклучок на фекална канализација.

Постапувајќи по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложеното решение бр.31672 за фекален приклучок издадено од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараниот приклучок.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши на улична фекална канализациона мрежа (Ф=250 мм) со профил на фекален приклучок Ф=250 мм во должина од 11,1м ( 1,6м подлога од павер елементи и 9,5м попречен прекоп на асфалтна подлога).

За горе наведениот приклучок по решението за приклучок предвиден е да се изведе ископот на ровот со попречен прекоп на асфалтна подлога(9,5м) на ул.“Багдатска“ и прекоп на тротоар од бекатонска подлога (1,6м) .

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 33.630,00 денари со вклучено ДДВ, за прекоп на подлога од павер елементи да уплати износ од 227,00 денари со вклучено ДДВ , вкупно да уплати износ од 33.857,00 денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во првобитна состојба. Подлогата по положување на цевките да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно прекопот на улицата да се асфалтира со АБ 11 д=5см и ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новата фекална инсталација и водоводна мрежа, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Ивана Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*